Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

# ВРЕМЕНСКА ДИНАМИКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

**30 јануари 2023 година (понеделник)**

- Објавен јавен оглас за прием на 130 кандидати за слушатели на почетна обука, со рок на пријавување од 15 дена, заклучно со 14 февруари 2023 (вторник).

**28 февруари 2023 година – Објавување на програма за полагање на приемен испит**

- Програмата за приемен испит, согласно која се полага примениот испит, се објавува **најмногу три месеци пред полагањето на приемниот испит,** а ги опфаќа темите и библиографијата од кои се утврдуваат прашањата за одделите делови од приемниот испит и се обновува по потреба, согласно измените на домашното и меѓународното законодавство и практиката на домашните и меѓународните судови.

**Од 06 до 08 март 2023 година (понеделник до среда)**

- Седница на Комисијата – утврдување на временска динамика за спроведување на приемниот испит;
- Разгледување и оценување на навременоста, потполноста и уредноста на пријавите поднесени од кандидатите и донесување на решенија за отфрлање на пријавите кои се ненавремени и неуредни, по што следи известување на кандидатите (согласно член 8 став 3 од Правилникот за полагање на приемен испит);
- Против решение на Комисијата за приемен испит за отфрлање на пријавите подносителот на пријавата има право на жалба до Управниот Одбор во рок од 3 дена по приемот на решението.

**15 и 16 март, 2023 година (среда и четврток)**

- Истекува рокот од 3 дена од приемот на решението за поднесување жалба до Управниот одбор на Академијата (согласно член 8 став 3 од Правилникот за полагање на приемен испит). Управниот Одбор во рок од 3 дена ја донесува одлуката по жалба. (согласно член 60 став 3 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинтиели).

**Во периодот од 20 до 24 март 2023 година**

- Управниот одбор одлучува по жалбите на кандидатите против Решенијата на Комисијата за приемен испит.

**25 март, 2023 (сабота)**

- Спроведување подготвителна настава за сите пријавени кандидати (се организира најмалку 45 дена пред денот на одржувањето на приемниот испит);

**24 април, 2023 (понеделник)**

- Донесување на одуука за денот и часот за полагање на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици.

**13 и 14 мај 2023 (сабота и недела)**

- Спроведување на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ (се спроведува по истекот на 45 денови од спроведувањето на подготвителната настава).
- Објавување на листа на положени кандидати на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ.

**од 29 мај до 04 јуни 2023 (понеделник до недела)**

- Спроведување на квалификациски тест - по електронски пат (**најмногу три месеци по објавувањето на Прогрмата за приемен испит**);
- Објавување на прелиминарна ранг листа од спроведениот квалификациски тест.

**09 јуни 2023 (петок)**

- Краен рок за поднесување приговори до Комисијата (рок од 3 дена од објавувањето на резултатите од квалификацискиот тест согласно член 17 став 2 од Правилникот за полагање приемен испит).

**10, 11, 12 јуни (сабота, недела, понеделник)**

- Комисијата одлучува по приговорите (рок од 2 дена по приемот на приговорите согласно член 17 став став 2 од Правилникот за полагање приемен испит).
- Изготвување на Решенијата на Комисијата за приемен испит

**30 јуни , 2023 (петок)**

- Краен рок за поднесување жалба до Управниот одбор (рок од 8 дена од приемот на одлуката на Комисијата согласно член 17 став 2 од Правилникот за полагање приемен испит).

**04 и 05 јули 2023 (вторник и среда)**

- Управниот одбор одлучува по жалбите (рок од 3 дена сметано од истекот на рокот за поднесување на жалби против одлуките на Комисијата согласно член 66 став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители);
- Објавување ранг листа со конечните резултати на кандидатите кои го полагале квалификацискиот тест (согласно член 17 став 6 од Правилникот за полагање приемен испит).
- Изготвување на Решенијата на Управен одбор

**15 и 16 јули 2023 (сабота и недела)**

- Полагање психолошки тест.

**29 и 30 јули, 2023 (сабота и недела)**

- Полагање тест за интегритет.

**14 до 18 август 2023 (понеделник до петок)**

- Полагање писмен дел од испитот (Согласно член 76 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители испитот се полага во рок од 7 дена од објавувањето на конечните резултати од тестот за интегритет).

**Од 23 август до 30 август 2023 (од среда до среда)**

- Полагање на усмен дел од испитот (Согласно 84 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители испитот се одржува во рокови определени од Комисијата, а во динамика што зависи од бројот на кандидатите).

**30 август, 2023 (среда)**

- Објавување прелиминарна ранг листа – врз основа на резултатите од двата дела на испитот (рок од 48 часа по завршување на полагањето на испитот согласно член 28 став 1 од Правилникот за полагање приемен испит).

**04 септември, 2023 година (понеделник)**

- Краен рок за поднесување приговори до Комисијата (рок од 3 дена од објавувањето на резултатите согласно член 88 став 1 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители) .

**05, 06 и 07 септември 2023 година (вторник, среда и четврток)**

- Комисијата одлучува по приговорите (Согласно член 88 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители Комисијата за приемен испит е должна да одлучи по приговорот во рок од 2 дена сметано од денот на приемот на приговорот во Академијата).

**25 септември, 2023 (понеделник)**

- Краен рок за поднесување жалба до Управниот одбор (рок од 8 дена од приемот на одлуката на Комисијата согласно член 88 став 3 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители).

**26 и 27 септември - 2023 (вторник и среда)**

- Управниот одбор одлучува по жалбите (рок од 3 дена сметано од истекот на рокот за поднесување на жалби против одлуките на Комисијата согласно член 88 став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители).

**Почеток на управно судската постапка**

- Против одлуката на Управниот одбор незадоволниот кандидат може да поведе управен спор пред Управниот суд (рок од три дена од приемот на одлуката на Управниот одбор согласно член 88 став 8 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители);
- По тужбата Управниот суд одлучува во рок од 5 дена (согласно член 88 став 9 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители);
- Против одлуката на Управниот суд е дозволена жалба до Вишиот управен суд (рок од три дена од приемот на одлуката на Управниот суд согласно член 88 став 10 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители);
- По жалбата Вишиот управен суд одлучува во рок од 7 дена (согласно член 88 став 11 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители).

**Декември 2023**

- Објавување на конечна ранг листа на слушатели на почетна обука (По правосилноста на одлуката од членот 88, Комисијата за приемен испит ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот).